UDK 351.74:316.1
Кратка научна статија

# ТЕОРИСКА КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈА НА СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА

Фросина Ташевска-Ременски[1]
Факултет за безбедност - Скопје,

Апстракт

Преку разгледување на целите и функциите на полицијата како општествена институција, трудот има за цел да одговори на прашањето дали може да се конститура нова социолошка дисциплина - социологија на полицијата. Во трудот се нагласува потребата за безбедност (сигурност), како една од примарните човекови потреби и процесот на институционализација на полицијата како облик на општествено делување. Во трудот полицијата се дефинира како општествена институција со акцент на нејзината општествена функција. За таа цел, користени се елементи на социолошките дефиниции за институција и некои општи дефиниции за полицијата во рамките на основните социолошки теории. Последното поглавје ја дефинира целта на полицијата во општеството, анализирајќи го начелото на општественост во смисла на функционална поврзаност на општеството и полицијата. Во заклучокот се дадени елементите и работната дефиниција за конституирање на социологија на полицијата како нова социолошка дисциплина.

*Клучни зборови:* полиција, општествена институција, социологија на полицијата.

---

[1] Доц. Д-р Фросина Ташевска-Ременски e-mail: ftremenski@fb.uklo.edu.mk

## Вовед

Професионалната, етичка и пожртвувана работа и заштита на граѓаните не претставува идеално очекување само од полицијата. Таа претставува службено прифатена стратегија за работа на полициите во сите современи демократски општества. Демократското општество најголема вредност му припишува на човекот, на неговата личност, слобода од секаков вид присила, слобода на избор, еднаквост и сл. Нормативно се гарантираат човековите права (граѓански/цивилни), кои произлегуваат од припадноста на човекот на организирана општествана заедница. Во свеста на граѓаните сè повеќе преовладува ставот дека секој од нас зависи од свесноста за нашата улога во заштита на животот од искористување и уништување. Ова упатува на сфаќањето дека, човекот со своето достоинство, правата и слободите и со вкупноста на квалитетот на живеењето, лежи во основата на секое општество. Фактот што овие вредности се необновливи и ненадоместливи ги прави темел/основа на секој облик на општественост, што од друга страна, пак, значи дека, човековите посебни интереси (економски, политички, културни, поединечни) се оправдани само ако се во функција на заштита и подобрување на човековиот живот и достоинство. Тоа се општите темелни одредници во кои се препознаваат идеалните обрасци на општествено живеење, иако во реалноста е различно или спротивно. Во просторот помеѓу идеалното и стварното, функционалното и девијантното може да се воочи проблем вреден за истражувачки зафат; за социолошка концептуализација на обрасци кои ја одржуваат институцијата чија цел е да го заштити животот како необновлива и ненадоместлива вредност.

Овој труд се обидува да го разгледа процесот на институционализација на полициската дејност определена да ги штити споменатите вредности, со посебен акцент на социолошкото проучување на целите и функциите на полицијата како општествена институција. Главната теза во текстот е дека целта (смислата на постоењето) на полицијата како општествена институција се темели на трајната усогласеност на човековата потреба за безбедност (сигурност), која општеството ја препознава и

промовира како вредност со норми како специфични односи структурирани низ процесот на институционализација на полициското делување. Оваа теза легитимно го отвара прашањето колку е оправдана потребата во полето на социологијата како најопшта општествена наука, да се даде простор за конституирање на социологија на полицијата како нова социолошка дисциплина. Независно од одговорот, треба да се истакне фактот дека социологијата е наука за општествените односи, општественото делување, општествените процеси и вредности кои треба да бидат социолошки поимовен дискурс и теориска рамка на промислувањата за конституирање на социологија на полицијата како социолошка дисциплина/посебна социологија. Прашање на кое треба да се одговори во таа смисла е, кои се општествените очекувања што ги исполнува полицијата и кои човекови потреби обезбедува како начин за трајна обнова на општествената потреба од нејзино постоење?

## Институционализација на полициското делување: општествени основи

Сите индивидуални човекови потреби (според Маслов), бараат трајно задоволување до степен на заситеност што значи дека, секоја од нив претставува потенцијал за развој на општественото делување кое доведува до процес на институционализација.[1] Во социолошка смисла процесот на институционализација подразбира релативно трајна стабилизација на оние вредности и норми кои се манифестираат во постигнување специфични цели кои треба да бидат исполнети преку почитување правила и очекувани начини на однесување. Со тоа се создаваат темелните обрасци во социологијата познати како структури, кои овозможуваат развој на специјализирани институции. Тие институции се клучни чинители кои овозможаат општествено делување кое влијае на задоволување конкретни општествени потреби со кои

[1] Види повеќе во: Maslow, H.A., Motivacija i licnost, Beograd, Nolit, 1982, 33-37;

се исполнуваат општествените очекувања, а целта на постоењето на институциите континуирано се обновува.[1]

Една од човековите потреби која бара специфичен тип на делување кое има за цел заштита и воедно претставува еден од најважните фактори во процесот на институционализација е потребата за безбедност (сигурност).[2] Оваа потреба, набљудувана во социјален простор не значи да се живее во секојдневие исполнето со чувари на редот (полициски службеници), туку живеење без размисли колку е безбедно движењето, напуштањето на домот, патувањето и сл. Во оваа смисла за феноменот безбедност (сигурност) како општествена состојба може да се зборува како за збир основни права и слободи на членовите на општеството кои меѓусебно не се допираат и спротивставуваат, туку се надополнуваат; додека чувството за сигурност (безбедност) се сфаќа како стабилна и трајно субјективна проценка за количината мир и ред во секојдневната интеракција на човекот со другите членови на општеството. Од ова може да се заклучи дека, потребата за безбедност (сигурност) на човекот се исполнува преку незабележливо влегување во општествените односи. Исполнувањето на потребата за безбедност (сигурност) која развива тип општествено делување со цел заштита и го поттикнува процесот на институционализација на полицијата, може да се набљудува на две нивоа: основно или хомогено искуство на сигурност (безбедност)[3] и диференцијални или хетерогени искуства на сигурност (безбедност)[4].

Потребата за сигурност (безбедност), односно нивото на социјално искуство и степенот на нејзино задоволување се основа за процесот на

[1] Berger, P., Luckman, T., The Social Construction of Reality, New York, London, Anchor Books, 1966, 56-62;

[2] Blumberg, S.A., Niederhoffer, E., str. 55-57;

[3] Ова ниво на доживување и искуство на сигурност е поврзано со сознанието дека индивидуата (потполно сама) не е изложена на неизвесност и потенцијална опасност, туку е вклучена во некаков облик на заедница во која рамноправно со другите го дели соочувањето со неизвесноста и можните опасности. Станува збор за неформален облик на социјална контрола, кој конкретно се остварува преку социјална интеракција;

[4] Ова ниво на доживување и искуство на сигурност вклучува низа хоризнонтално спротивстваени облици на општественост кои се резултат на диференцијацијата на општествените улоги од кои повеќето не се вистински одговор на потребата за сигурност, туку даваат поддршка и дополнување на човековото искуство. Исто така, може да се именува како неформална социјална контрола во која влегуваат сите секундарни општествени групи во кои поединецот припаѓа со сите свои социјални обележја.

институционализација на полицијата, додека, пак, заштитата на сигурноста (безбедноста) на членовите на општеството, преку активности кои ги спречуваат девијантноста и криминалитет е главна цел на полициското делување.

## Поим и функција на полицијата како општествена институција

Не постои посебен теориски пристап за полицијата како општествена интитуција, ниту пак поим за полициско делување како посебен облик на општествено делување, кои би биле креирани како социолошки поими во рамки на социолошките теории и дефинирање на полицијата како општествена иниституција. Затоа, теорискиот пристап и поимовно категоријалниот апарат бара избор и усогласување на најблиските поими и теориски одредници. Се мисли на основните елементи на социолошките дефиниции за институцијата како посебен облик на општествена структура; на општите дефиниции за полицијата во кои се набројуваат нејзините специфични очекувани активности; и, на некои кованици од главните правци на социолошките теории за функциите на полицијата во современото општество.

Институциите според Гиденс се „стандардизирани облици на делување кои имаат клучна улога во временско-просторната конституција на општествениот систем", односно „стандардизација на однесувањето во време и простор".[1] Парсонс, иако експлицитно не ги дефинира институциите, под нив подразбира „целина на интегрирани улоги кои како структура се стратешки важни за одреден општествен состав и одговараат на четири значајни барања кои треба да бидат исполнети за да може составот да се одржува и обновува (адапрација, интеграција, консензус и канализирање на општествената енергија)".[2]

[1] Giddens, A., The Constitutions of Society, Berkeley, Los Angeles, University of California Press, 1986, str. 67;
[2] Ташева, М., Современи социолошки теории, Филозофски факултет, Скопје, 2 Август, Штип, 2002, стр. 177;

Од друга страна, Џ.С. Мид, институциите ги гледа како „вообичаен одговор на одредени ситуации во кои може да биде вклучено едно или повеќе лица или пак сите припадници на едно општество".[1] За Питер Бергер институциите се „вкупност на општествени акции"[2], додека тој и Лукман, институциите ги дефинираат како „облик на реципрочен процес на типизација, кои иако не се глобални феномени, сепак се независни, надворешни и принудни и го контролираат човековото однесување препишувајќи однапред дефинирани обрасци на делување"[3]. Еуген Пусич, во најширока смисла под институции подразбира размерно трајна правилност во однесувањето на луѓето во меѓусебните односи која е производ на свесното делување или, пак, како општествена структура чиј клучен елемент е збирот на меѓусебно поврзани очекувања стабилизирани по социјална димензија во рамките на некоја историска заедница на луѓе.[4] Заедничко за овие дефиниции е фактот дека, институциите се општествено организиран одговор на воочените потреби кои се регулираат со неформални норми кои попримајќи структурарни обрасци со време стануваат трајни обрасци на регулирано општествено делување во заедничка вредносна и симболичко-културна рамка.

Расправата за дефиниција на полицијата како институција чии основни елементи се веќе наведени, може да продолжи со некои од општоприфатените дефиниции за полицијата познати во стручната литература. Меѓутоа, заради социолошкиот акцент ќе ги наведеме од теориски аспект позначајните за поимањето на полицијата како општествена институција.

Вебер полицијата ја вбројува во структурите на организирано легитимно насилство на одреден простор со кое се остварува *condition sine qua non* постоење на државата. Полицијата како институција учествува во исполнување на темелната функција на државата, а тоа е заштита на личната

---

[1] Ибид, стр. 194;

[2] Berger, P., Invitation to Sociology – A Humanistic Perspectives, New York, Doubleday, 1988, стр. 54-55;

[3] Berger, P., Luckman, T., The Social Construction of Reality, New York, London, Anchor Books, 1966, стр. 61-63;

[4] Ташева, М., стр. 223;

безбедност на граѓаните и јавниот поредок. Постоењето на ваква структура, според Вебер може да се дефинира и како политичка сувереност, што најголемиот број автори кои го проучуваат феноменот на држава-нација, покрај економската и културната сувереност ја доживува како трет услов за државен суверенитет.[1]

Авторите кои основните феномени на човековата општественост ја набљудуваат од конфликтна перспектива, полицијата ја сведуваат на „инструмент за моќ на оние општествени групи кои освен законска присила, поседуваат и економска и политичка моќ".[2]

Интеракционистичката традиција општеството го набљудува како комплекс на конкретни интеракциски моменти, а институциите воопшто (според тоа и полицијата), како низа подготвени одговори на искуствено предвидливи ситуации.[3] Полицијата учествува во процесите на договарање за спречување на криминалот и општествените девијации, внесувајќи ги во таа рамка „однапред подготвените одговори" кои освен стручното знаење и искуство содржат и елементи на институционална култура и предрасуди, персонална ограниченост и калкулации.[4]

Имајќи го предвид наведеното, може да се синтетизира дека, потребата за безбедност (сигурност) на членовите на општеството е трајна цел, а релативно организираната заштита и превенција на сите типови девијантност кои ја загрозуваат безбедноста се развила како пресуден облик на општествено делување на полицијата, со што полицијата ја исполнува својата основна општествена функција. Според тоа, институционализацијата на полицијата и развојот на полицијата како општествена институција може да се дефинира како процес на стабилизирање на нормативни обрасци со кои се уредуваат односите меѓу актерите за создавање релативно трајни функционални одговори на барањето за заштита на безбедноста на

---

[1] Weber, M., Economy and Society, New York, Los Angeles, London, University of California Press Berkeley, 1978, str. 86-112;

[2] Blumberg, S.A., Niederhoffer, E., The Ambivalent Force – Perspectives on the Police, Chicago, Hunt, Reinhart and Winston, Inc., 1985, str. 221-227;

[3] Bayley H.D., Police and Society, Beverly Hills, London, Sage Publications, 1976, str. 78-91;

[4] Ibid, str. 93-94;

членовите на општеството. Со други зборови, тоа значи дека полицијата како институција настанала и се развива, подигајќи го нивото на комплексноста на сопствената структура и задржувајќи ја истата цел одредена од примарната човекова потреба за безбедност. Интегрирајќи се во различни облици на заедница и општество и така остварувајќи го својот општествен карактер, човекот ја исполнува потребата за безбедност, делигирајќи ја нејзината реализација на облик на општественост во кој и самиот е вклучен. Општесвениот одговор на тој императив се состои од релативно трајни и стабилни интеракциски обрасци, доволно специфични за да се постигнат специфичните цели со задржување на посебноста на структурата. Постигнувањето на специфичните цели се однесува на трајно очекуваните и специјализирани активности со кои се постигнува „одржувањето на редот", „спречување и фаќање сторители" на кривични дела и девијантни однесувања „со штетни последици за квалитетот на животот на поединците во општеството и животот во општеството во целина". Со релативно трајните активности и со нивно континуирано повторување во согласност со надворешните очекувања се затвара кругот на обезедена потреба за безбедност.[1]

## Начелото на општественост како цел на постоење на полицијата

Во служба и заштита на граѓаните, со подигање на чувството и објективното ниво на сигурност (безбедност) како основен сервис на граѓаните на одреден простор, полицијата ја исполнува својата општествена цел, односно го остварува начелото на општественост.

Во оваа смисла поимот општественост не се однесува само на: проста физичка присутност на полицијата во општеството; механичко пресликување на специфични културни обележја кои ги наоѓаме во сите институции, па и во полицијата; неполитичност т.е. професионална способност на полицијата да

[1] Lyman, D.M., Police, New Jersey, Prentice Hall, Upper Saddle River, 2002, str. 34-43;

ги надвладее различните политички интереси и промени; усогласеност на полициското делување со државните интереси и сл. Општественоста на полицијата се однесува на трајната потреба од заемна функционална поврзаност и испреплетеност на општеството и полицијата со заеднички вредности и заеднички начела на делување.[1]

## Заклучок

На крајот, прашањето за оправданоста на воведувањето на социологија на полицијата како нова социолошка дисциплина, ги наметнува следниве заклучоци:

прво, имајќи ја предвид искористеноста на социолошките поими и теории во пристапот кон полицијата како општествена институција и полициското делување како посебен облик на општествено делување, може да се заклучи дека социологијата како општествена наука има најсеопфатна теориско-концептуална рамка за разбирање на феноменот на полицијата. Тоа зборува дека, постојат основи за конституирање на социологија на полицијата како социолошка дисциплина, бидејќи ги има сите елементи потребни за самостојна теориска и истражувачка рамка;

второ, емпириската валидност на фактите дека се бара присутност и професионалност на полицијата (што се гледа во секој број од дневниот печат и во секоја ТВ информативна емисија), зборува дека, очигледно само социологијата на полицијата би можела да одговори на низа конкретни потреби кои се неметнуваат на општествената наука во пристапот кон општествените феномени и случувања во кои е неопходна присутност на полицијата и нејзините активности.

Поимите и дефинициите дадени во трудот: целта и функцијата на полицијата како општествена институција, процесот на институционализација на полициското делување, граѓанската безбедност како општествена состојба,

[1] Bayley H.D., str. 121;

поимите основно и диференцирано искуство за безбедност (сигурност) и начелото на општественост како цел на полицијата се поими кои можат да послужат во понатамошна операционализација на индикатори за емпириски истражувања за општествената цел, функцијата, делувањето и искуството на граѓаните со полицијата како општествена институција.

Конституирање на социологија на полицијата преку овие поими, може да почне од следнава работна дефиниција: социологија на полицијата е социолошка дисциплина која се занимава со: 1) специфични облици на општествено делување кои се институционализираат преку полициското делување како очекувана спротивност на девијантното и криминалното однесување; 2) оние општествени односи кои се стабилизираат како структурни обрасци со чие повторување се обезбедува трајна ефикасност во превенција и спречување на загрозувањата на граѓанската безбедност; 3) оние општествени процеси, појави и случувања кои трајно го обновуваат и бараат функционално постоење на полицијата; 4) оние општествени вредности чијашто заштита претставува конкретна, дневна цел на полициското делување и трајна определба на полициската професија.

Трудот и оваа работна дефиниција претставуваат можен вовед или дел од аргументите кои можат да се земат предвид во размислувањата за конституирање на социологија на полицијата, но и како придонес кон социолошко-теориската концептуализација на оние општествени односи, структури и процеси во кои полицијата се јавува како општествен актер.

## Литература

Bernhart, R.K., World Book Dictionary, Vol. 2, Chicago, 1995;

Baker, A.S., Effects Of Law Enforcement, London, Westport, 1995;

Bayley H.D., Police and Society, Beverly Hills, London, Sage Publications, 1976;

Blumberg, S.A., Niederhoffer, E., The Ambivalent Force - Perspectives on the Police, Chicago, Hunt, Reinhart and Winston, Inc., 1985;

Bouza, V.A., Police Unbound: Corruption, Abuse, and Heroism by the Boys in Blue, New York, Prometheus Books, 2001;

Berger, P., Invitation to Sociology - A Humanistic Perspectives, New York, Doubleday, 1988;

Berger, P., Luckman, T., The Social Construction of Reality, New York, London, Anchor Books, 1966;

Giddens, A., Central Problems in Social Theory, Macmillan, London, 1979;

Giddens, A., The Constitutions of Society, Berkeley, Los Angeles, University of California Press, 1986;

Kappeler, V., The Police and Society, Illinois, Waveland Press Inc., 1999;

Lyman, D.M., Police, New Jersey, Prentice Hall, Upper Saddle River, 2002;

Maslow, H.A., Motivacija i licnost, Beograd, Nolit, 1982;

Newburn, T., Nayman, S., Policing - Surveillance and Social Control, Newcastle under Lyme, Staffordshire, Willan Publishing, 2002;

Ташева, М., Современи социолошки теории, Филозофски факултет, Скопје, 2 Август, Штип, 2002;

Weber, M., Economy and Society, New York, Los Angeles, London, University of California Press Berkeley, 1978;

Weiss, L., The Myth of the Powerless State, New York, Cornell University Press Ithaca, 1998;

Short Scientific Article

# THEORETICAL CONCEPTUALISATION OF THE POLICE SOCIOLOGY

Frosina Tasheva - Remenski

Faculty of security - Skopje

Abstract

By reviewing the objectives and functions of the police as a social institution, the paper aims to answer the question if we can establish a new sociological discipline - sociology of the police. This paper highlights the need for security as one of the primary human needs and the process of institutionalization of the police as a form of social action. The paper defines the police as a social institution with emphasis on its social function. For that purpose, elements of sociological definitions of institutions and some general definitions for the police within the basic sociological theories are used. The last section defines the purpose of the police in society, analyzing the principle of civility in terms of the functional relationship between society and the police. The conclusion gives the elements to constituting the working definition of sociology of the police as a new sociological discipline.

*Key words:* police, social institution, sociology of the police;